Центар
за истражување
и информирање
за животна средина
„ЕКО-СВЕСТ“ СКОПЈЕ

**Соопштение за медиуми**

**Законски предизвици за гасоводот од Грција до Македонија**

**19 септември 2023**

Граѓанските организации CEE Bankwatch Network и Еко-свест поднесоа три формални жалби во кои се наведуваат законски прекршувања во планираниот проект за изградба на гасоводот Грција- Македонија, со кој кај нас ќе се дистрибуира гас.

Државната компанија НОМАГАС планира да ја изгради македонската делница од гасниот интерконектор долг 67 километри. Иако промовиран како начин за диверзификација на снабдувањето со гас во земјата, во реалност ќе значи значително зголемување на увозот на гас што дополнително ќе ја зголеми потрошувачката на фосилни горива и ќе донесе дополнителни промени на цените во време кога енергетскиот сектор треба да се декарбонизира, однодно ослободи од фосилни горива.

Европската инвестициска банка (ЕИБ) потпиша договор за заем од 41 милиони евра за проектот во декември 2021 година, непосредно пред зацртаната цел за престанок на финансирањето на проекти за фосилни горива. Истовремено, потпишан е договор за грант од ЕУ за 12.7 милиони евра преку Инвестициската рамка за Западен Балкан. Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) размислува за финансирање на остатокот од проектот.

Првите две жалби – до Секретаријатот на Енергетската заедница и Европската канцеларија за борба против измами (European Anti-Fraud Office- OLAF), се однесуваат на гаранцијата за заемот од ЕИБ за проектот потпишана од Владата на РСМ во декември 2021 година. Одлуката за гаранција не била предмет на проверка од страна на Комисијата за заштита на конкуренција согласно законската регулатива, што потенцијално ја прави неважечка.

Со невидена ефикасност, Собранието на РСМ ја одобри државната гаранција на 20 декември 2021 година, а Претседателот на државата истиот ден ја потврди. Оваа одлука од Собранието беше објавена во Службен весник на 21 декември, непосредно пред потпишувањето на заемот со ЕИБ на 22 декември.

**Пипа Галоп, Координатор за политики за Југоисточна Европа од CEE Bankwatch Network изјави** - ,,Се создава сомнеж дека банката на ЕУ во Македонија не ја почитувала процедурата за одобрување гаранција за заемот. Ова ја доведува во прашање валидноста на гаранцијата и им штети на финансиските интереси на ЕУ со непотребно зголемување на веројатноста да се користат средствата на ЕУ за покривање на загубите на ЕИБ во случај на неисполнување на заемот’’.

Третата жалба – исто така до Секретаријатот на Енергетската заедница, се однесува на прекршување на правилата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот, бидејќи Министерството за животна средина и просторно планирање на Македонија не предвидело период за спроведување на јавни консултации. Дополнително, не било објавено какво било соопштение дека се одржуваат консултации, ниту пак биле дадени детали на кој начин да се достават коментари.

**Ана Чоловиќ-Лешоска, извршна директорка, Еко-свест изјави** - ,,ЕБОР и ЕИБ тврдат дека не финансираат проекти кои не се во согласност со националното законодавство. Сепак, кога Владата на Република Македонија ги прекршила основните законски обврски за време на процесот на оцена на влијание врз животната средина за гасоводот, тие тоа "не го регистрираат". Уверени сме дека Секретаријатот на Енергетската заедница ќе ги потврди нашите наводи за прекршување на законите и ќе побара процесот на јавни консултации да се спроведе соодветно на законската рамка’’.

**Контакти:**

Пипа Галоп
Координатор за политики за Југоисточна Европа,
CEE Bankwatch Network
pippa.gallop@bankwatch.org
+385 99 755 9787

Ана Чоловиќ-Лешоска
Извршна директорка
Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест
ana@ekosvest.com.mk
+38972726104